Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

септември 2013 година
Штип

Број 109, 15 септември 2013 година

# С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област епидемиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во во сите звања за наставно-научната област аналитика на лекови на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 17

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област механика на флуиди и стручно технички системи на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 32

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научната област автоматика на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 40

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-стручно звање лектор за научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 42

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област трудово право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 45

**РЕЦЕНЗИЈА** на рракописот „Менаџмент на комунален отпад“ од авторите професор д-р Благој Голомеев и асистент д-р Трајче Митев, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 56

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Казнено право посебен дел - со практични примери“ - авторизирани предавања од авторот проф. д-р Тодор Витларов, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 58

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 60

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО - СТРУЧНО ЗВАЊЕ ЛЕКТОР ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ АНГЛИСТИКА НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.2402-104/3 од 14.8.2013 год., донесена на 88. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, одржана на 14.8.2013 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во наставно-стручно звање *лектор* за научната област *англистика* на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Комисијата работеше во следниов состав:

– д-р Нина Даскаловска, доцент за наставно-научната област методика на наставата по англиски јазик, вработена на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, претседател;
– д-р Марија Кусевска, доцент за наставно-научната област англистика, вработена на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, член;
– м-р Снежана Кирова, виш лектор за наставно-научната област англистика, вработена на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ Штип – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Нова Македонија” и „Лајм“ на 11.7.2013 година и во предвидениот рок се пријавија следниве кандидати: м-р Миа Кулевска - магистер по применета лингвистика, вработена како референт во Енерџи Деливери Солушнс ЕДС ДОО Скопје; м-р Ана Митоска-Стојаноска – магистер на филолошки науки и м-р Драган Донев – магистер на филолошки науки, вработен како кореспондент по англиски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација, на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет му го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***1. М-р Миа Кулевска***

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Миа Кулевска** е родена на 19 август 1987 година во Битола. Дипломира на Универзитетот ФОН во Скопје во 2010 година и се стекнува со звање професор по англиски јазик и книжевност со германски јазик.

Во 2013 година, со просек 9,75 магистрира на Универзитетот ФОН во Скопје и се стекнува со титула магистер по применета лингвистика. Магистрира на тема „Јазикот на опресија кон жената во американската книжевност од крајот на деветнаесеттиот и почетокот на дваесеттиот век“.

Во периодот од октомври 2010 до март 2013 година работи како демонстратор/студент-практикант по британска и американска книжевност.

Од април 2013 година до денес работи како референт во Енерџи Деливери Солушнс ЕДС ДОО Скопје.

***Наставно - образовна активност и научноистражувачка дејност***

Своето работно искуство поврзано со англискиот јазик го започнува во 2010 година кога работи како демонстратор/студент-практикант и одржува вежби по Британска книжевност 1-4 и Американска книжевност 1-2.

***Учество во проекти***

Ефектот на изучување на странски (немајчин) јазик во предучилишна и во рана училишна возраст – Проект бр. 13-3606/2 одобрен и финансиран од МОН, Р. Македонија.

***Курсеви***

1. Women and the Civil Rights Movement, University of Maryland, Coursera, 2013:
2. Greek and Roman Mythology, Penn: University of Pennsylvania, Coursera, 2013.

***2. М-р Ана Митоска-Стојаноска***
***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Ана Митоска-Стојаноска** е родена на 26 мај 1981 година во Прилеп. Дипломира на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје во 2003 година и се стекнува со звање филолог – преведувач по англиски јазик.

Во 2013 година, со просек 9,63 магистрира на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје и се стекнува со титула магистер на филолошки науки. Магистрира на тема „Литерарноста на Магбет и нејзиното пренесување на македонски јазик“.

Во 2004 работи како професор по англиски јазик во приватно училиште.

***Наставно - образовна активност и научноистражувачка дејност***

Своето работно искуство поврзано со англискиот јазик го започнува во 2004 година кога работи како професор по англиски јазик во приватно училиште. Кандидатката, исто така, се занимава со превод на литературни дела од англиски на македонски јазик и обратно:

1. Чевлите на другата жена од Адела Паркс (превод);
2. Волја за мисла од Иван Џешаровски (препев).

***3. М-р Драган Донев***
***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Драган Донев** е роден на 13 април 1980 година во Штип, каде што со континуиран одличен успех завршува основно и средно образование. Дипломира на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје во 2006 година и се стекнува со звање толкувач по англиски и германски јазик.

Во 2013 година, со просек 9,60 магистрира на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје и се стекнува со титула магистер на филолошки науки. Магистрира на тема „Анализа на реториката на убедување во политички дискурс на македонски и на англиски јазик“.

Во периодот од септември 2006 до јуни 2007 година работи како референт/толкувач и преведувач по германски јазик во „Астибо фешан“ - Штип.

Од јули 2007 година до јуни 2012 година работи како помлад лектор на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Од 2012 година до денес работи како кореспондент на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

***Наставно - образовна активност и научноистражувачка дејност***

Своето работно искуство поврзано со англискиот јазик го започнува во 2007 година и од тогаш до денес работи како помлад лектор и кореспондент на Катедрата по англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Во текот на своето работење на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, кандидатот м-р Драган Донев мошне успешно ги извршува своите работни обврски и држи вежби по предметите: Современ англиски јазик 1, 2, 3, 4, 5, 6 како задолжителен предмет, Англиски јазик 5 и 6 како изборен странски јазик, Вовед во преведување и толкување, Техники на преведување, Превод и толкување од англиски на македонски јазик и Превод и толкување од македонски на англиски јазик на Филолошкиот факултет. Освен тоа, кандидатот во истиот период држи вежби по предметите Англиски јазик на Економскиот факултет, Медицинскиот факултет и Вишата здравствена школа на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

***Студиски престои во странство***

Во 2006 година престојува на Карл-Франценс универзитет, Грац, Австрија, Катедра за преведување и толкување.

Во 2010 година престојува на Карл-Франценс Универзитет, Грац, Австрија, Катедра за преведување и толкување.

***Објавени научни и стручни трудови***

Резултатите од научната и стручната активност на м-р Драган Донев се презентирани преку следниве трудови и преводи:

1. Донев, Д. (2011). *Критичка анализа на метафората во политичкиот дискурс*. Годишен зборник на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, стр. 83-89;
2. ***Матни води***, Волфганг Шорлау за Матица македонска;
3. ***Леон,*** Инге Мајер Дитрих за Детска радост.

Евалуација на трудот „Критичка анализа на метафората во политичкиот дискурс“. Во овој труд се истакнува важноста на метафората во јазикот на убедување, со потенцирање на нејзиното значење во политичкиот дискурс.

Евалуација на книгата „Матни води“ од Волфганг Шорлау. Оваа книга обработува футуристички теми од поблиската иднина и евентуалните проблеми со кои би се соочило човештвото.

Евалуација на книгата „Зошто Леон“ од Инге Мајер Дитрих. Оваа книга обработува тинејџерски теми проследени со сите зготи и незгоди што ги придружуваат младите од оваа возраст.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на приложената документација од тројцата кандидати: м-р Миа Кулевска, м-р Ана Митоска-Стојаноска и м-р Драган Донев, Комисијата констатира дека м-р Драган Донев е најсоодветен кандидат и ги исполнува сите суштински и законски критериуми предвидени со Законот за високото образование за избор во наставно-стручно звање *лектор* за научната област *англистика* на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатот, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, **кандидатот м-р Драган Донев да биде избран за наставник во наставно-стручно звање лектор за научната област англистика.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Нина Даскаловска, претседател, с.р.**
**Доц. д-р Марија Кусевска, член, с.р.**
**Виш лектор м-р Снежана Кирова, член, с.р.**